| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Богородица“, КО Богородица, Општина Гевгелија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Боро Петковски, дипл.инж.арх.<br>број на овластување О.0392 |
| Назив на работното место | Планер урбанист |
| Контакт податоци за лицето | 075/474-392 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Богородица“, КО Богородица, Општина Гевгелија, се изработува врз основа на:<br>• Член 17 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 , 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26);<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26;<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2023 година (Сл. Весник на РСМ 37/23 и 65/23);<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2024 година (Сл. Весник на РСМ 15/24);<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2025 година (Сл. Весник на РСМ 25/25);<br>• Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2026 година (Сл. Весник на РСМ 30/26) во делот III, точка 12; | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| За просторот на Граничниот премин “БОГОРОДИЦА” изработен е урбанистички план и тоа ДУП за Граничен премин Богородица од 1977 год. како и две измени и дополнувања за истиот во 1994 и 1998 год. Овие планови се доставени од страна на Министерство за финансии – царинска управа во хартиена форма и се дигитализирани.<br>Деталниот план и неговите измени и дополни во голема мера се реализирани, а објектите кои се изградени варираат во однос на нивната состојба, квалитет и годината на изградба.<br>Новиот план за градби од државен интерес во најголем дел ќе ги инкорпорира сите намени и градби од постојниот ДУП од 1977 год и измени и дополни од 1994 и 1998 год. притоа запазувајќи ги најновите стандарди и нормативи за градби од ваков вид како и новите технологии и просторни барања за гранични премини од највисока категорија.<br>За дел од планскиот опфат предвиден со овој план има донесени Услови за планирање кои согласно допис бр.15-6082/2 од 11.11.2024 од Министерството за животна средина и просторно планирање ќе важат и за потребите на овој УППГДЗ, а за дел од планскиот опфат кој не е третиран со тие Услови за планирање се изработени нови услови за планирање врз основа на предлог планска програма.<br>За потребите на планот изработени се Услови за планирање и Решение за Услови за планирање на просторот (УП1-15 2382/2024 од 30.12.2024) за дел од Планскиот опфат на овој план со површина од 11,51 ха., додека останатите 29,52 ха. се веќе третирани со донесени Услови за Планирање (Y20007 и Y10213). | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – урбанистичко планирање | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.** | | | |

**Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Главната цел на урбанистички план е да овозможи создавање на подобри услови и дополнување на содржините на граничниот премин. Урбанистичкиот план треба да ги објективизира тенденциите на просторниот развој на предложената локација, од аспект на правната, општествената, економската, еколошката и просторно – планерската оправданост за реализација.

Целта на урбанистичкиот план е со соодветна методологија и аргументација за квалитетот на планското решение да ги дефинира правилата во вид на плански одредби, кои ќе се однесуваат на изработката на проектните документации и реализацијата на комплексот со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на потребите на граничниот премин.

Комплексот е испланиран согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на институциите, со вградување на сите потребни стандарди за престој и работа на персоналот во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за идно подобро оперативно и функционално работење на граничниот премин и останатите единици при Царинската управа на РСМ и Министерството за внатрешни работи (МВР). Овој план треба да овозможи и да создаде услови за изработка на Урбанистички проект/и за Граничен премин Богородица, КО Богородица, општина Гевгелија.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,
- да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идните планирани градежни парцели.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот – граничен премин

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2024-2034 година

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Локалитетот на Граничниот премин „Богородица“ административно припаѓа во границите на општина Гевгелија, во катастарска општина КО Богородица. Предметното подрачје за кое е потребно да се изработи урбанистички план се наоѓа во јужниот дел на Р.С. Македонија, на самата граница со соседна Република Грција на патниот коридор 10.

Град Гевгелија е на оддалеченост од 2.5 км северозападно од граничниот премин. На северната страна граничниот премин се наоѓа село Богородица. Во непосредна близина на околу 1км западно се наоѓа река Вардар.

Границата на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Богородица", КО Богородица, општина Гевгелија е со површина од 41,03 ха и влегува во рамки на 89 катастарски парцели.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да √
Не

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:

- нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Веројатноста од појава на негативни влијанија е извесна. Времетраењето е краткотрајно и се очекува истите да бидат присутни при изградбата и при користењето на граничниот премин. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според официјалните податоци од Заводот за статистика на Република Македонија и последниот Попис на населението од 2021 година, општина Гевгелија брои 21.582 жители, зафаќа површина од 485 км$^2$ и има густина на населеност од 45 жители на км$^2$. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот одат во прилог на идејата за реализација на овој план, при што проширувањето и модернизацијата на граничниот премин дополнително ќе го стимулира локалниот економски развој преку прекугранична трговија и туризам, истовремено отворајќи нови работни места и зајакнувајќи ги социјалните и културните врски во регионот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Предметната локација се наоѓа на територијата на катастарската општина Богородица, општина Гевгелија. Од Министерство за култура, управа за заштита на културно наследство достави одговор (арх. бр. 17-1786/2 од 15.05.2024г.) констатирано е дека во близина на подрачјето на предметниот проектен опфат постојат евидентирани недвижни културни добра, односно археолошки локалитети. Ова упатува на можно присуство на елементи од археолошко наследство во самиот простор.<br>Согласно упатствата, остварен е контакт со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, како надлежна установа за вршење увид во границите на предметниот плански опфат и да се произнесат со стручно мислење. Во нивниот одговор (арх. бр. 08-677/3 од 12.11.2025г.), се наведува дека при извршениот увид на приложениот плански опфат, не се забележуваат површински трагови на движно и недвижно културно наследство.<br>Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр: 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19). |
| | |

| | |
|---|---|
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека во рамки на планскиот опфат се наоѓа постојниот ГП Богородица. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Граничниот преми е со огромно стратешко значење на државно, но и регионално и меѓународно ниво. Просторните капацитети во кои се извршуваат работните задачи и активности мора да бидат реализирани на највисоко безбедносно и стратешко ниво. Изградбата на нови објекти во функција на гранижниот премин и континуираното унапредување и имплементирање на стандардите за развој на секое ниво се задолжителни и обврзни. Сегашните градби не овозможуваат максимално задоволување на стандардите па затоа се јавува потреба за нејзино обновување и доградба.

Имајќи во предвид дека планираните содржини во рамките на комплексот не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, не се очекуваат значајни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. Во фазата на изградба на предвидените содржини во граници на планскиот опфат, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одрживи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. Во периодот на реализација потребно е да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии согласно законската регулатива.

При проектирање и изградбата на објектите ќе се имплементираат принципите на енергетска ефикасност и ќе се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во рамки на планскиот опфат нема предвидено резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе придонесе за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Придонес во локалната и национална економија
- Безбедноста на државата.

| |
|---|
| Кои еколошки проблеми се релевантни за пла скиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и с иозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањет на планскиот документ може да ги |

концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, преземање на активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина, организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето и уредување на просторот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Услови за планирање на просторот,

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот опфат покрај тоа што бил разгледуван во други плански документ, за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

| | |
|---|---|
| Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Александар Николоски |
| Бр. 67-2249/3<br>Датум: 21.08.2026 година<br>Место: Скопје | М.П. |